Врз основа на членовите 1,5,12,16,17 и 18 од Законот за државните награди и Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на РМ”бр.52/06,54/07 и 74/12), Одборот за доделување на државната награда „Св.Климент Охридски” на седницата одржана на 23.11.2015 година донесе

О Д Л У К А

за доделување на државната награда „Св.Климент Охридски” во 2015 година за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес на Република Македонија
1. Во областа на воспитанието и образованието наградата им се доделува на: - проф д-р Горан Ајдински - дефектолог - проф д-р Ратомир Гроздаиоски - теолог, библист и филолог
2. Во областа на културата и уметноста наградата му се доделува на: - Раде Силјан - поет,литературен критичар и есеист
3. Во областа на здравството наградата и се доделувава на: - доц. д-р сци. Аспазија Софијанова - педијатар
4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен весник на РМ”.

Претседател на Одборот

за државната награда

„Св. Климент Охридски”

академик Витомир Митевски